Здружението за кривично право и криминологија на Македонија, врз основа на член 20 од Уставот на Република Северна Македонија и во согласност со членовите 16 и 18 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/2010, 135/11 и 55/2016) на ден 29.03.2019 година донесе

# С Т А Т У Т

НА

# ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА КРИВИЧНО ПРАВО И КРИМИНОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

**Здружението за кривично право и криминологија на Македонија** (во натамошен текст **Здружение**) е невладина, непартиска и непрофитна организација формирана со слободно здружување на теоретичари и практичари вработени на правните факултети во државата и странство, Факултет за безбедност, Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, во Центарот за стратегиски истражувања при МАНУ и други сродни научни и научно истражувачки институции, судовите, јавните обвинителства, Академијата за судии и јавни обвинители, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Адвокатската комора, Народен правобранител,  како и на лица, кои слободно и доброволно се здружиле за да работат на унапредување на теоријата и практиката од областа на казненото право и криминологијата.

Член 2

Називот на здружението гласи: „**Здружение за кривично право и криминологија на Македонија**“.

Англиски назив на здружението гласи: „Association for criminal law and criminology of Macedonia”.

Член 3

Седиштето на Здружението е во **Скопје, Бул. „Крсте Мисирков“ бр. 6.**

Член 4

**Здружението има својство на правно лице**.

Член 5

Здружението има тркалезен печат.

Печатот го содржи називот на Здружението: „**Здружение за кривично право и криминологија на Македонија - Скопје**“.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 6

Здружението е невладина, непрофитна организација која своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со овој Статут, законите и Уставот на Република Северна Македонија и ратификуваните меѓународни договори.

Член 7

Здружението своите активности ќе ги насочува особено кон:

- организирање, советувања, тркалезни маси, семинари и слично,
- издавање свое списание и по потреба други стручни и научни публикации,
- донесување Програма за работа, заклучоци за дејствување, препораки и мислења,
- избирање свои претставници за работа во стручни комисии од доменот на делувањето на Здружението,
- поттикнување реформи во доменот на правосудството и активно вклучување и придонесување за нивната реализација,
- подготвување предлози за измени и дополнувања на закони и други прописи,
- развивање и унапредување соработка со други здруженија во земјава и странство.

Член 8

Здружението може да се зачлени во сродни асоцијативни здруженија во регионот, Европа и светот, за што одлука донесува Собранието или Извршниот одбор.

## ЧЛЕНУВАЊЕ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 9

Граѓаните стануваат членови на Здружението со пристапница (групна или поединечна) и со уплата на членарина.

Членарината се утврдува еднаш годишно со одлука на Извршниот одбор.

Член 10

Членовите на Здружението се должни да постапуваат во согласност со овој Статут и според одлуките на Собранието, Извршниот одбор и Надзорниот одбор.

Членовите на Здружението имаат право да бираат и да бидат избрани во органите на Здружението.

Членството престанува со писмена изјава за откажување од членство, со неплаќање на членарина подолго од 6 (шест) месеци и со одлука на Собранието.

Член 11

За своите членови Здружението води регистар на членови и евиденција на членовите на органите. Овие податоци се ажурираат најмалку еднаш на две години.

Член 12

Членовите на Здружението, за работата на Здружението и неговите органи се известуваат усмено или писмено преку седниците на Собранието и неговите органи, на советувањата, преку списанието и на друг соодветен начин.

## ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 13

Органи на Здружението се:

1. Собрание
2. Извршен одбор
3. Надзорен одбор

4. Претседател на Здружението
5. Потпретседател на Здружението
6. Секретар на Здружението

Тела на Здружението се:

- Постојани или повремени комисии
- Постојани или повремени работни групи

Мандатот на органите и на Собранието трае 4 (четири) години.

Мандатот на телата на Здружението се определува со посебна одлука што ја донесува Извршниот одбор.

## СОБРАНИЕ

Член 14

Највисок орган на Здружението е Собранието и го сочинуваат сите членови.

Со работата на Собранието раководи Претседателот на Здружението.

Член 15

Собранието е надлежно да:

- избере Претседател на Здружението, Потпретседател на Здружението и Извршен одбор,

- донесе Статут, Програма за работа и други акти,

- усвои годишен извештај за работа, насоки и план за работа, како и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница,

- доставува финансиски Извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа,

- одлучува за промена на адреса на Здружението,

- покрене иницијативи за реформа во казненото право,

- покрене иницијативи за промена на Уставот, закони и други прописи,

- усвои завршна сметка и финансиски план,

- одлучува за основање и укинување ограноци и други облици на организирање на здружението,

- одлучува за здружување и разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации,

- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето,

- избира и разрешува членови на органите и телата на Здружението,

- одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Здружението,

- врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на Здружението.

Член 16

Собранието работи на седници. Собранието, по правило, одржува седница најмалку еднаш годишно.

Седниците на Собранието се одржуваат на предлог на Претседателот на Здружението, Извршниот одбор или на најмалку 20 членови.

Вонредна седница на Собранието може да се одржи по писмено барање од една третина од членовите на Здружението. Вонредната седница се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Седница на Собранието се свикува по писмен пат или преку средства за електронска комуникација.

Собранието може да работи ако на него присуствуваат најмалку половина од поканетите.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните.

Собранието одлуките ги донесува со јавно гласање, а по исклучок и со тајно гласање.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

## ИЗВРШЕН ОДБОР

Член 17

Извршниот одбор брои 9 (девет) члена од кои еден е Претседателот на Здружението и осум члена.

Претседателот на Здружението е претседател на Извршниот одбор и претседава со него.

Член 18

Извршниот одбор е оперативен орган на Здружението којшто е надлежен за:

- усвојување на Програмата за работа,
- спроведување на политиката, заклучоците и одлуките на Собранието на Здружението,
- управувањето со имотот на Здружението,
- подготвување на годишен или периодичен извештај за својата работа,
- подготвување на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието,
- подготвување на седниците на Собранието,
- формирање на Надзорен одбор,
- избирање и разрешување на главен и одговорен уредник и секретар на списание,
- формирање на постојани и повремени комисии, работни групи и слично,
- за други работи во врска со дејствувањето на Здружението.

Член 19

Извршниот одбор во случај на итност донесува измени и дополнувања на Статутот со тоа што тие ќе треба да се потврдат на првото наредно Собрание на Здружението.

Член 20

Извршниот одбор може да работи ако на седницата присуствуваат повеќе од половината членови, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните.

## НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 21

Извршниот одбор од редот на членовите на Здружението формира Надзорен одбор составен од најмалку 5 членови од кои еден е претседател.

Надзорниот одбор е должен еднаш годишно или по барање на Извршниот одбор да изврши увид во материјалното и финансовото работење на Здружението што го доставува

до Извршниот одбор, кој пак го проследува до Собранието на Здружението. Надзорниот одбор ја следи и примената на Статутот.

Член 22

Надзорниот одбор е должен уредно да ги евидентира актите и одлуките на Собранието и Извршниот одбор како и на телата како и да воспостави уредна евиденција за членовите на Здружението.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 23

Претседателот на Здружението го застапува и претставува Здружението во земјата и во странство.

Член 24

Претседателот на Здружението се грижи за:

- активата и пасивата на имотот на Здружението,

- собирање членарина, прилози, подароци, спонзорства,

- отварање на жиро сметка и девизна сметка на Здружението,

- воспоставување на сметководна документација,

- измирување на сите долгови и побарувања,

- исплаќање на сметките и авторските хонорари во врска со издавањето на списанието согласно правилникот,

- исплаќање на патни и дневни трошоци на членовите на здружението и други издатоци,

- воспоставување на сметководна и друга документација,

- како и сите тековни работи од делокругот на Здружението.

Работата на претседателот на Здружението е под надзор на Извршниот одбор.

## ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 25

Потпретседателот на Здружението го бира Собранието на предлог на Претседателот на Здружението.

Потпретседателот на Здружението му помага на Претседателот на Здружението во вршењето на неговата функција. Потпретседателот на Здружението го заменува Претседателот на Здружението во случај на негово отсуство или оправдана спреченост, со сите негови овластувања.

## СЕКРЕТАР

Член 26

За вршење административно – технички работи во остварување на активностите и за остварување на целите и задачите на органите и телата на Здружението, Претседателот на Здружението именува Секретар, а одлуката за неговото именување ја доставува до Извршниот одбор и до Собранието на Здружението.

Секретарот се грижи за евиденцијата на Здружението, за закажувањето на седниците на Извршниот одбор и на другите органи и тела на Здружението.

## СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Член 27

Извори на средства за работа и дејствување на Здружението се: членарина, приходи од издавачка дејност и реклами, доброволни прилози на граѓаните, на органи и организации, донации, разни спонзорства и друго.

Член 28

Средствата ќе се користат за тековното работење на Здружението, како и на органите и телата на Здружението, за организирање на советувања, тркалезни маси, за патувања во земјата и странство, за издавање на списание и други научни и стручни публикации, како и за други потреби во врска со работењето на Здружението.

Член 29

Користењето на средствата се утврдува преку правилник и други одлуки на Извршниот одбор, а ги подигнува и исплатува Претседателот и Потпретседателот на Здружението како овластени потписници на жиро-сметка.

Член 30

Во случај на престанок со работа на Здружението, затечениот имот преминува во сопственост на Република Северна Македонија.

## СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 31

Членовите на Собранието, Извршниот одбор и Надзорниот одбор и членовите на нивните семејства не може да имаат економски интерес во која и да е организација која му продава, издава или му добавува добра и услуги на Здружението.

## ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ

Член 32

По предлог на Извршниот одбор Собранието на Здружението донесува одлуки за признанија и награди на своите членови за покажаното залагање и придонес во остварувањето на целите и задачите на Здружението.

## СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА

Член 33

Здружението ќе развива и негува соработка со други здруженија и други видови на асоцијации како и со поединци во земјава и странство, врз основа на иницијативи на претседателот на Здружението, членовите на Извршниот одбор, како и на други членови на Здружението.

Собранието и Извршниот одбор на здружението донесуваат одлуки за зачленување на здружението во меѓународна организација.

## ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 34

Здружението престанува со работа:

- ако е донесена одлука на Собранието со двотретинско мнозинство од вкупниот број на присутните членови на Здружението,

- ако бројот на членови се намали под 50 (педесет),

- ако Уставниот суд на Република Северна Македонија донесе одлука дека Програмата и Статутот на Здружението не се во согласност со Уставот,

- ако се утврди дека Здружението престанало со работа,

- како и во други случаи определени со закон.

Претседателот на здружението е должен во срок од 15 дена по настанувањето на еден од основите за престанок со работа на здружението да го извести за тоа основниот суд.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат во иста постапка како постапката за негово донесување.

Член 36

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Член 37

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Здружението за кривично право и криминологија на Македонија бр. 31/2015 од 25.10.2015 година.

29.03.2019 година

Претседател

на Здружението за кривично право

и криминологија на Македонија

Проф. д-р Гордана Лажетиќ